Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

## од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2019 година

Скопје, октомври 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2019 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

### ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции

    - Информација за степенот на реализација на капиталните инвестиции за националните установи од областа на културата за 2019 година

- Извештај од одржаниот состанок на 7 октомври 2019 година, во врска со имплементацијата на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

### А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

#### а) гости

1. Одлука за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година (бр.02-1970/1 од 20.9.2019 година), со Предлог-одлука

2. Одлука за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година, бр.02-1969/1 од 20.9.2019 година, со Предлог-одлука

3. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај од раководството на ЈП Македонска радиодифузија -Скопје за 2018 година, Извештај од работењето на ЈП Македонска радиодифузија за период од 1.1. до 31.12.2018 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост за 2019 година

5. Информација за потребата од продажба на движни ствари -патнички моторни возила и работни возила - виљушкари, со Предлог-одлука

6. Барање за одобрување наменски средства за гаранција за превоз на стока со железница, за користење на хартиен товарен лист ЦИМ како транзитна декларација, со Предлог-одлука

7. Анекс - договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија -Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ Скопје и „Диатекс Спа“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс - договор бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-1978/2 од 2.12.2016 година, со Предлог-одлука

8. Информација за можноста од воведување на систем за масовно алармирање и предупредување на граѓаните

9. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод

10. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ П.О. Скопје

11. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција

12. Информација за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука

13. Годишен извештај за реализирање на програмските и вонпрограмските активности на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје за 2018 година, со

Извештај за степенот на реализација на Програмата на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје за 2019 година

14. Информација за престанок на правото на користење на недвижна ствар на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“ и давање на трајно користење на истата на Општина Пробиштип за отворање на дом за стари лица, со Предлог-одлука

15. Барање согласност за отуѓување на Градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-закон за енергетска ефикасност

17. Информација со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/техничка/ научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со Предлог-решенија

18. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Лабуништа-Бороец“ Општина Струга, со Предлог-одлуки

19. Информација во врска со иницијативата за воспоставување на еден заеднички граничен премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во граничниот премин Ќафасан/Qafthanë

20. Информација за можноста и оправданоста за воведување на субвенции при купување на нови возила

21. Информација за спроведување на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5

22. Информација за состојбата на финансиските средства од јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

24. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „БОБИ Венцо Витан Николовски“ с. Лески, Виница, со Предлог-одлука

25. Информација за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „ВИБАС“, ДООЕЛ, Кочани, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ВЕНЦО-ГИШ Глигорчо Драги Димитриев“, Кочани, со Предлог-одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец „АГРО-БОЕЛ Драги Александар Петров“ с. Драгобраште - Виница, со Предлог-одлука

28. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „Агро -Пол Трајче Ване Јованов“, с. Горни Подлог, со Предлог-одлука

29. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „АГРО-ДЕОС Ставре Ангел Јанев“, с. Грдовци, Кочани, со текст на Договор и Предлог-одлука

**в) политички систем**

30. Предлог-закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците

31. Информација за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

32. Информација за предлог проект/програма „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“

33. Информација со Акциски план за зајакнување на ургентните служби во клиничките болници

34. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги „СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ“, експорт-импорт, Добри Дол, Општина Врапчиште за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

35. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „БЕЛЛАНЦ", ДОО увоз-извоз, Кравари-Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

36. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „КАЗИНО МЕРКУР" ДОО увоз-извоз Гостивар за деловната просторија на ул. „ЈНА" бр.91, Гостивар

### б) политички систем

### в) човечки ресурси и одржлив развој

37. Предлог-одлука за изменување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука

38. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје

### г) предлози по кои Владата дава мислење:

#### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

#### (б) по барање на органи, организации и други правни лица

39. Иницијатива од Стојко Димчевски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19)

40. Иницијатива поднесена од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/2019)

41. Иницијатива поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 86 став (2), алинеја 3 во делот„...односно непреземањето на дејствие..."

како и алинеја 4 од истиот став, во делот „...односно непреземеното дејствие...“ од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018)

42. Иницијатива поднесена од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019)

43. Иницијатива поднесена од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно“ и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019)

44. Иницијатива поднесена од Ванчо Велинов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019)

45. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 49027 за КО Бардовци на КП бр. 882 дел 3 викано место/улица „Рупа“

46. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12403 за КО Нерези на КП бр.1028 дел 3 викано место/улица Песок

47. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6491 за КО Јурумлери на КП бр. 385/1 викано место/улица Дунек

48. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.687, Имотен лист бр.688 и Имотен лист бр.84946 сите за КО Ѓорче Петров на КП бр.2413/1, КП бр.2413/2 и КП 2413/3 викано место/улица А. Мицков, доставена од нотар Мери Весова од Скопје

49. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66260 за КО Волково на КП бр.1697/1

50. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5234 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.12987 викано место/улица Р. Батино бр.15А

51. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100071 за КО Бутел на КП бр.2755 и Имотен лист бр.1883 за КО Бутел на КП бр.2755, викано место/улица ул. Рудо бр.41

52. Понуда од нотар Мирче Ристески од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1658 за КО Коњско на КП бр.2435/4 викано место/улица Св. Стефан

53. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67187 за КО Маџари на КП бр.1108 викано место ул. 852

**д) други предлози**

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

56. Конечни извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерството за информатичко општество и администрација за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631), сметки на буџет од донации (785-28) и (785-22) и Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за сметка на буџет од донации (785-13)

57. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово, Сметка за средства од фондот (737) и Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

58. Извештај за работењето на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје за период од 1 јануари 2019 година до 30 јуни 2019 година и Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје за период од 1 април 2019 година до 30 јуни 2019 година, со дополнување

59. Извештај за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период од 1.1 до 30.6.2019 година

60. Извештај за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1. до 30.6.2019 година, со дополнување

61. Информација за прогрес на активностите во рамки на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца 0-14 години, за периодот 2018 - 2028 година, со Акциски план

62. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи од овластениот државен

ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година

63. Информација во врска со Годишниот извештај за развојот на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија

64. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани"

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

65. Предлог-закон за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка

66. Информација во врска со организирање на наградната игра „Мој ДДВ моја награда", со Предлог-одлука и Предлог-договор

67. Информација за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа

68. Информација во врска со потребата од потпишување на Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и органите на Република Северна Македонија, со Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам

69. Информација за настанот „Охридскиот дијалог: Искористување на можности и креирање на идни партнери во Западниот Балкан" организиран од страна на Атлантскиот Совет (Atlantic Council) и Охридската група со поддршка на Владата на Република Северна Македонија во Охрид, Република Северна Македонија од 24 до 26 октомври 2019 година

70. Предлог-одлука за формирање на Работна група за обезбедување на финансиски средства за нов инвестиционен циклус во рамките на РЕК Битола

71. Информација за покачување на платите во основното, средното, високото образование и во наука во Република Северна Македонија за 10 проценти, почнувајќи од исплата на платата за април 2020 година

72. Информација за одбележување на Светскиот ден на ромскиот јазик

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција**

**1.** Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, ги информираше членовите на Владата за очекуваната позитивна одлука на Европскиот совет за почеток на преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија. Процесот на преговори за членство во Европската Унија за Република Северна Македонија значи окончување на процесот на приближување кон Унијата, усвојување на нејзините придобивки и вредности, како и целосно приспособување на институциите за исполнување на европските стандарди и за функционирање согласно стандардите на институциите на Унијата. Преговорите истовремено ќе значат и создавање основи и подготовка за идно успешно функционирање на Република Северна Македонија како земја-членка на Унијата, а пред се, унапредување на квалитетот на живот на граѓаните во различните општествени сфери.

Поради горенаведеното, Владата ќе организира и спроведе серија активности за подигање на јавната свест и промоција на европските вредности и придобивките кои државата ќе ги почувствува од членството во Европската Унија, за време на преговорите.

Преку серијата комуникациски активности ќе се испрати пораката дека за Република Северна Македонија оваа одлука претставува национален успех на сите генерации од независноста до денес, успех преку кој ќе може да се постигне подолготрајна мотивација на граѓаните и особено на младите да бидат ангажирани во процесите на подобрување на општественото живеење и мотивација граѓаните и младите да ја видат шансата во својата држава.

Со цел кампањата од јавен интерес да започне веднаш после донесената позитивна одлука, Владата заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, согласно член 55 став 1, точка г, од Законот за јавните набавки, да спроведе итна јавна набавка со постапка со преговарање, без објавување оглас за спроведување на постапката, по претходно обезбедено мислење од Бирото за јавните набавки, имајќи ја предвид итноста од јавната набавка.

2) Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните финансиски средства од 20.000.000,00 денари за оваа намена и истите да ги префрли на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во врска со иницијативата на Република Франција за менување на книгите по историја, во насока наместо за војни да се учи за помирување, Владата на Република Северна Македонија дава поддршка на иницијативата и заклучи да се гласа „ЗА“ во Советот на Европа по истата.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

**1.** Владата во врска со Барањето на Општина Тетово за прекатегоризација на патниот правец Тетово -Јажинце ги донесе следните заклучоци:

1) Се препорачува на Општина Тетово во најкус можен рок до Министерството за транспорт и врски да достави барање за прекатегоризација на патниот правец Тетово -Јажинце.

2) Се задолжува Министерството за транспорт и врски по добивањето на Барањето од Општина Тетово, во најкус можен рок да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта (за горенаведениот патен правец).

3) Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта по извршената прекатегоризација на овој патен правец, истиот да го предвиди во соодветната Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

**2.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор во врска со активностите за реализација на проектот „Изградба на автопат А4, Делница ГП „Блаце“ -Скопје (Клучка „Стенковец“), Подделница 1 -Проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце“, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за правда-Биро за судски вештачења, во рок од 30 дена од доставеното барање да ги изготвува процените за земјиште, насади, посеви, шуми и објекти на катастарските парцели опфатени со проектот „Изградба на автопат А4, Делница ГП „Блаце“ -Скопје (Клучка „Стенковец“), Подделница 1-Проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце“ до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце“ и примероци од процените да достави до Јавното претпријатие за државни патишта на понатамошно проследување до надлежните органи.

2) Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта доставените процени веднаш да ги проследи до Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

3) Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, да ги надомести трошоците кон Бирото за судски вештачења во случаите кога е потребно да бидат ангажирани надворешни соработници и стручни лица.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

  - Информација за степенот на реализација на капиталните инвестиции за националните установи од областа на културата за 2019 година

Согласно Заклучокот на Владата од 156-та седница на Владата, одржана на 2.10.2019 година, членовите на Владата информираа за степенот и прогресот во реализацијата на капиталните инвестиции и капиталниот развој за секој ресор одделно.

Согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата ги донесе следниве заклучоци:

- Да се утврдат генерално кои се капиталните проекти кои се од значење за Владата, како ќе се финансираат истите, како да се предвидат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, односно на кој начин ќе се имплементираат истите и притоа да се направи приоритизација на истите.

- Се задолжуваат сите министерства да направат приоритизација на капиталните проекти кои се од значење за своите ресори и истите да бидат планирани на реална основа, со цел нивна целосна реализација согласно планираните буџетски средства.

- **Извештај од одржаниот состанок на 7 октомври 2019 година, во врска со имплементацијата на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од одржаниот состанок на 7 октомври 2019 година, во врска со имплементацијата на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изврши набавка на информативни табли за обележување на спомениците кои се поврзуваат со хеленистичката култура и наследство во општините Прилеп, Битола, Штип и Град Скопје.

2. Се препорачува на општините Прилеп, Битола, Штип и Град Скопје, во соработка со компаниите кои ќе ги изработат информативните табли за обележување на спомениците кои се поврзуваат со хеленистичката култура и наследство да ги постават на спомениците за обележување на истите.

3. Се препорачува на Град Скопје во рок од 15 дена да изврши анализа и процена на потребата и вредноста при менување на капаците на шахтите во Градот Скопје кои го содржат симболот сонцето на Вергина.

4. Се задолжува НУ „Археолошки музеј на Република Северна Македонија" да изврши промена на визуелниот изглед на називот на фасадата на начин што со гипс ќе бидат

покриени буквите Археолошки музеј на Македонија и на гипсот со нови букви ќе биде наведен називот Археолошки музеј, на македонски и англиски јазик.

5. Се задолжува НУ „Музеј на македонската борба" за самостојност да изврши промена на називот Македонија на фасадата на „Порта Македонија".

6. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да извршат промена на името Република Македонија во аналитичките образовни програми.

7. Се задолжува Министерството за финансии да изврши промена на името Република Македонија во Република Северна Македонија на фасадата и зградата на Министерството за финансии.

8. Се препорачува на Општина Кривогаштани во рок од седум дена да ја извести Владата на Република Северна Македонија за симболиката на грбот на општината утврдено со Статутот и Одлуката за прогласување на грб на општината, за да се утврди дали станува збор за употреба на симболот сонцето на Вергина или истиот има друга симболика.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година (бр.02-1970/1 од 20.9.2019 година) ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" за 2020 година, бр.02-1969/1 од 20.9.2019 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот од раководството на ЈП „Македонска радиодифузија -Скопје" за 2018 година, Извештајот од работењето на ЈП

„Македонска радиодифузија -Скопје“ за период од 1.1. до 31.12.2018 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија -Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија -Скопје во период од 1.1.2018 до 31.12.2018 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост за 2019 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост за 2019 година.

2. Се препорачува на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост да достави до Владата нова одлука за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените, во кој ќе се предвиди покачување на платите за пет проценти.

## Точка 5

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од продажба на движни ствари - патнички моторни возила и работни возила - виљушкари, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа Барањето за одобрување наменски средства за гаранција за превоз на стока со железница, за користење на хартиен товарен лист ЦИМ како транзитна декларација, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Се задолжува „Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД“ да достави барање за позајмица во износ од 10.200.000,00 денари до АД „Електрани на Северна Македонија“.

2. Се укажува на АД „Електрани на Северна Македонија“ да ги преземе сите потребни активности на нивните органи на управување по однос на донесување на одлука за давање позајмица на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД“ и соодветно на тоа до Владата да достави Предлог-одлуки за одобрување на нивното работење.

## Точка 7

Владата по Анекс - договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија -Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ - Скопје и „Диатекс Спа“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс - договорот бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-1978/2 од 2.12.2016 година и Предлог-одлуката за давање на согласност на Анекс - договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија -Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ - Скопје и „Диатекс Спа“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс - договорот бр.1 заведен кај закуподавачот под бр.09-1978/2 од 2.12.2016 година ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс - договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија -Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа“ ДООЕЛ-Скопје и „Диатекс Спа“, како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под бр.09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс - договорот бр.1, заведен кај закуподавачот под бр.09-1978/2 од 2.12.2016 година, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за можноста од воведување на систем за масовно алармирање и предупредување на граѓаните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од седум дена да формира Меѓуресорска работна група со претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за електронски комуникации, која ќе ја проучи потребата и оправданоста од воспоставување на систем за масовно алармирање и предупредување на граѓаните, безбедносните аспекти, финансиските импликации, потребата од промена на закони, заштитата на информациите и личните податоци на граѓаните, инфраструктурните и техничките капацитети и потреби и други аспекти поврзани со воспоставување на ваков систем.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Канцеларијата на претседателот на Владата

на Република Северна Македонија, а и се укажува на Агенцијата за електронски комуникации во рок од пет дена до Министерството за одбрана да доставaт номинации на свој претставник во Меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја информира Владата во рок од 30 дена од формирањето на Меѓуресорската работна група за работата на Меѓуресорската работна група.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" П.О. Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализирање на програмските и вонпрограмските активности на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје за 2018 година, со Извештај за степенот на реализација на Програмата на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје за 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на НУ Национален конзерваторски центар -Скопје да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за култура и Министерството за финансии.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок на правото на користење на недвижна ствар на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова" и давање на трајно користење на истата на Општина Пробиштип за отворање на дом за стари лица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар - дел од зграда на Општина Пробиштип, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го одложи разгледувањето на Барањето согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со новото Мислење на Секретаријатот за законодавство, технички да го усогласи со Агенцијата за катастар на недвижности (во член 1 од Предлог-одлуката потребно е да стои КП 7544/3, дел од КП 7557/1 и дел од КП 7561/1 КО Центар 1) и да обезбеди Мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлог-законот за енергетска ефикасност (најнов текст-8.10.2019 година), и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за економија во соработка со Секретаријатот за законодавство да изврши усогласување на текстот на кореспондентните табели по Предлог-законот.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за енергетска ефикасност, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, м-р Исмаил Лума, државен советник во Министерството за економија и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/техничка/ научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со Предлог-решенија, ја усвои Информацијата и условно ги донесе соодветните решенија со заклучок Министерството за економија до потпишување да ги усогласи текстовите на решенијата со Секретаријатот за законодавство.

Доколку до наредната седница на Владата решенијата не бидат усогласени, материјалот повторно да се разгледа на седница на Влада.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -варовник на локалитетот „Лабуништа-Бороец“ Општина Струга, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, со заклучок Министерството за економија истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и во точка 1 од Одлуката да се дополни дека покрај негативното Мислење од Општина Струга, истата е донесена и поради еколошки причини.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со иницијативата за воспоставување на еден заеднички граничен премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во граничниот премин Ќафасан/Qafthanë, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот со Министерството за финансии и Царинската управа на Република Северна Македонија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста и оправданоста за воведување на субвенции при купување на нови возила и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за економија како координатор, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Царинската управа и Здружението на увозници на автомобили (еден претставник), во рок од три дена да предложат претставници во работна група која ќе направи анализа за начинот и можностите за субвенционирање, согласно Програмата и во рок од 14 дена до Владата да предложи заклучоци со конкретни мерки за субвенционирање.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5 и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ), во рамки на акумулираната добивка, да донесе одлука за обезбедување на средства во висина од 618.000.000,00 денари за имплементација на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5.

2. Се препорачува на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) да донесе одлука за обезбедување на средства за јавна едукативна кампања за придонесот од имплементација на мерката „За здравјето на граѓаните" и за истото да побара од Бирото за јавни набавки согласност за брза постапка за спроведување на јавната кампања, имајќи ја предвид итноста на мерката и тоа дека грејната сезона официјално започнува на 15 октомври во тековната година.

3. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, да номинира двајца претставници со предлог за начинот на кој би се вклучиле во имплементација на мерката.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ), да предложи дигитална платформа за организирање, прибирање, доставување и одржување на барањата на граѓаните за имплементација на мерката.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од шест месеци да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за забрана за користење на печките на цврсти и фосилни горива, во фази за наредните три години, по приоритет за општини со високи емисии на штетни гасови, со алтернативни решенија преку поддршка и помош од државата.

## Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за состојбата на финансиските средства од јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година (нов текст), поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја усогласи Информацијата со укажувањата од Мислењето на Министерството за финансии и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 23

Владата на предлог на Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална

урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се усогласи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „БОБИ Венцо Витан Николовски“ с.Лески Виница, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „ВИБАС“ ДООЕЛ - Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ВЕНЦО-ГИШ Глигорчо Драги Димитриев“ - Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец „АГРО-БОЕЛ Драги Александар Петров“ с. Драгобраште - Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „ИЗ Агро - Пол Трајче Ване Јованов“, с. Горни Подлог, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ АГРО-ДЕОС Ставре Ангел Јанев с. Грдовци, Кочани, со текст на Договор и Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата на предлог на Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците го одложи од разгледување Предлог-законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа да спроведат функционална анализа врз основа на Методологијата за спроведување на функционална анализа, во рок од еден месец од денот на усвојување на оваа информација.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа во рок од пет дена од усвојување на Информацијата преку овластените лица за управување со Информациониот систем за управување со човечки ресурси да ја изразат потребата од поддршка при спроведување на функционална анализа.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од пет дена од усвојување на Информацијата преку овластените лица за управување со Информациониот систем за управување со човечки ресурси да ги прибави податоците за органите на државна управа и институциите кои не се органи на државна управа, кои имаат потреба од поддршка при спроведување на функционална анализа.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа кои имаат вработени кои се обучени за спроведување на функционална анализа да им овозможат да обезбедат поддршка на институциите кои имаат потреба од тоа.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-проект / програма „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од седум дена во соработка со Министерството за образование и наука да подготви и преку Министерството за надворешни работи да достави одговор до Владата на СР Германија и КфВ во насока на прифаќање на заемот во износ до 20 милиони евра со барање на поддршка за обезбедување на грант средства во износ од 5 милиони евра од REEP+ програмата.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и Министерството за финансии да пристапат кон потпишување на Записникот од мисијата за оценка на програмата одржана во периодот од 20 до 23 август 2019 година“ и истото согласно укажувањата од Секретаријатот за законодавство да биде инкорпорирано во содржината на Информацијата.

## Точка 33

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Акциски план за зајакнување на ургентните служби во клиничките болници, откако ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот да го дополни Акцискиот план со квантификација на фискалните импликации кои ќе произлезат од реализацијата на истиот, согласно Мислењето на Министерството за финансии.
Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство во прилог на материјалот да обезбеди и достави мислење од ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски“ - Битола.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги „СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ“, експорт-импорт, Добри Дол, Општина Врапчиште за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги „СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ“, експорт-импорт Добри Дол, Општина Врапчиште, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „БЕЛЛАНЦ“, ДОО, увоз-извоз, Кравари - Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „БЕЛЛАНЦ“, ДОО, увоз-извоз Кравари Битола, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување игри на среќа „КАЗИНО МЕРКУР" ДОО увоз - извоз Гостивар за деловната просторија на ул. „ЈНА" бр.91, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки -Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Иницијативата од Стојко Димчевски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19) и притоа го утврди следното мислење:

Преку Иницијативата за уставност на одредбите од Законот, предлагачот бара изедначување на условите и еднаков третманот меѓу осигуреник маж и осигуреник жена со тоа што смета дека член 34, 35, 52, 77, 78, 83, 85, 86, 87, 88, 228 и 237 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување треба да се изменат во смисла на обезбедување на еднаков третман на осигуреникот маж и осигуреникот жена.

Имено член 18 од Законот, кој според подносителот на Инцијативата претставува позитивна дискриминација, во суштина е основата од која произлегуваат различните услови и нееднаквиот третман за остварување на правото на пензија за маж и жена уредени со членовите 34, 35, 52, 77, 78, 83, 85, 86, 87, 88, 228 и 237 од наведениот закон.

Со член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредуваат условите за стекнување со право на старосна пензија, односно осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

Имено, по однос на Иницијативата за оценување на уставност на Уставниот суд на Република Северна Македонија има донесено Решение У. бр.81/16 од 9.11.2016 година, со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Со член 34 е уредено дека старосната пензија за осигурениците од член 118 од овој закон се утврдува од пензиската основа во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 1% (маж), односно 1,14% (жена) од пензиската основа, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5 % (маж), односно 0,57% (жена) од пензиската основа.

Старосната пензија за осигурениците од член 119 од овој закон се утврдува од пензиската основа во проценти кои за секоја година исполнет пензиски стаж до нивната уплата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување изнесуваат 2,33% (маж), односно 2,60% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 1,165 % (маж), односно 1,30% (жена), но најмногу 11,65% (маж), односно 13,00% (жена) од пензиската основа. За секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по нивната уплата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, пензијата се определува во висина од 1% (маж), односно 1,14% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5% (маж), односно 0,57% (жена) од пензиската основа.

Со овој член предвидени се различни проценти за утврдување на пензиската основа зависно од должината на пензискиот стаж за маж, односно жена.

Во член 35 од наведениот закон е утврден најнискиот износ на старосна пензија остварена од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и пензијата остварена од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување дека не може да изнесува помалку од утврдената просечна плата на сите вработени во Република Македонија во 2002 година и тоа:
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 41%;
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 38% и
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 35%.

Најнискиот износ на старосна пензија се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии.

Со овој член се утврдуваат проценти и години на пензиски стаж за остварување на правото на најнискиот износ на пензија за маж, односно жена.

Член 52 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ги уредува процентите за утврдување на износот на инвалидска пензија причинета со повреда на работа или професионална болест за маж, односно жена.

Имено, инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со повреда на работа или професионална болест се определува во висина од 80% од пензиската основа за пензија остварена до 2015 година, а инвалидската пензија остварена по 2015 година се определува во проценти кои изнесуваат:

| Година | Процент |
|---|---|
| 2016 | 79.68 |
| 2017 | 79.36 |
| 2018 | 79.04 |
| 2019 | 78.72 |
| 2020 | 78.40 |
| 2021 | 78.08 |
| 2022 | 77.76 |
| 2023 | 77.44 |
| 2024 | 77.12 |
| 2025 | 76.80 |
| 2026 | 76.48 |
| 2027 | 76.16 |
| 2028 | 75.84 |
| 2029 | 75.52 |
| 2030 | 75.20 |
| 2031 | 74.88 |
| 2032 | 74.56 |
| 2033 | 74.24 |
| 2034 | 73.92 |
| 2035 | 73.60 |
| 2036 | 73.28 |
| 2037 | 72.96 |
| 2038 | 72.64 |
| 2039 | 72.32 |
| 2040 | 72.00 |

Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со болест или повреда надвор од работа се определува од пензиската основа во проценти според член 228 од овој закон.

Инвалидската пензија во случај на инвалидност настаната пред наполнувањето на годините на живот од член 18 од овој закон, не може да изнесува помалку од процентите утврдени за годината во која е остварено правото на пензијата, и тоа:

| Година | Проценти | |
|---|---|---|
| | маж | жена |
| 2000 | 44.00 | 53.00 |
| 2001 | 43.60 | 52.40 |
| 2002 | 43.20 | 51.80 |
| 2003 | 42.80 | 51.20 |
| 2004 | 42.40 | 50.60 |
| 2005 | 42.00 | 50.00 |
| 2006 | 41.60 | 49.40 |
| 2007 | 41.20 | 48.80 |
| 2008 | 40.80 | 48.20 |
| 2009 | 40.40 | 47.60 |
| 2010 | 40.00 | 47.00 |
| 2011 | 39.60 | 46.40 |
| 2012 | 39.20 | 45.80 |
| 2013 | 38.80 | 45.20 |
| 2014 | 38.40 | 44.60 |
| 2015 | 38.00 | 44.00 |
| 2016 | 37.60 | 43.40 |
| 2017 | 37.20 | 42.80 |
| 2018 | 36.80 | 42.20 |
| 2019 | 36.40 | 41.60 |
| 2020 | 36.00 | 41.00 |

Инвалидската пензија определена според став (2) на овој член, во случај на инвалидност настаната по наполнувањето на годините на живот од член 18 од овој закон, не може да изнесува помалку од процентите утврдени за годината во која е остварено правото на пензија и тоа:

| Година | Проценти | |
|---|---|---|
| | маж | жена |
| 2000 | 35.00 | 40.00 |
| 2001 | 34.47 | 39.38 |
| 2002 | 33.93 | 38.77 |
| 2003 | 33.40 | 38.15 |
| 2004 | 32.87 | 37.53 |
| 2005 | 32.33 | 36.92 |
| 2006 | 31.80 | 36.30 |
| 2007 | 31.27 | 35.68 |
| 2008 | 30.73 | 35.07 |
| 2009 | 30.20 | 34.45 |
| 2010 | 29.67 | 33.83 |
| 2011 | 29.13 | 33.22 |
| 2012 | 28.60 | 32.60 |
| 2013 | 28.07 | 31.98 |
| 2014 | 27.53 | 31.37 |
| 2015 | 27.00 | 30.75 |

На осигуреникот воен инвалид од I до IV група, како и на друг инвалид кој е изедначен со мирновременски воен инвалид од I до VI група, кој ќе стекне право на инвалидска пензија, пензијата му се определува според начинот предвиден во овој член, ако половина од работниот век му е покриен со пензиски стаж.

Во таа насока член 52 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не содржи одредби со кои се нарушува правото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и Законите.

Во член 77 од горенаведениот закон се уредени условите за остварување право на старосна пензија за осигурениците како воен и цивилен персонал, кои имаат најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и при тоа овие осигуреници можат ова право да го остварат пред исполнување на општите услови определени со член 18 од истиот закон, односно со навршени 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), доколку работниот однос му престане по потреба на службата согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Исто така и во овој станува збор за различен третман при остварување право на старосна пензија за осигуреник маж, односно жена.

Согласно наведениот член, на осигуреник од военият и цивилниот персонал од овој закон кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), ако работниот однос му престане по потреба на службата, може да оствари право на старосна пензија.

Условите за престанок на работниот однос по потреба на служба е уреден со Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14 и 33/15).

Во таа насока член 77 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не содржи одредби со кои се нарушува правото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и Законите.

Согласно член 78 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на осигурениците, односно воен и цивилен персонал согласно со закон старосната пензија им се утврдува од пензиската основа во проценти како збир од должината на пензискиот стаж навршен до 31 декември 2012 година и по 1 јануари 2013 година.

На осигурениците од овој член кои до 31 декември 2012 година имаат навршен пензиски стаж од 25 години, за секоја натамошна година им се утврдува процент од пензиската основа кој изнесува 1,08 (маж) и 1,29 (жена).

На осигурениците од овој член кои до 31 декември 2012 година немаат навршено пензиски стаж од 25 години, после овој датум им се определува процент кој до навршување на пензиски стаж од 25 години за секоја година изнесува 2,22% од пензиската основа за маж односно 2,35% од пензиската основа за жена. За секоја година

пензиски стаж кој што е над 25 години се додаваат дополнителни 1,08% од пензиската основа за маж, односно 1,29% од пензиската основа за жена.

За осигурениците од овој член процентот за определување старосна пензија изнесува 2,48% за маж и 2,62% за жена за секоја година пензиски стаж до 31 декември 2012 година.

Со член 78 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување утврдени се проценти за определување на висината на старосната пензија за секоја година на пензиски стаж којшто до 2012 година за маж изнесува 2.22% а за жена 2.35% за пензиски стаж до 25 години. За секоја натамошна година на пензиски стаж се додаваат дополнителни 1.08 % за маж, односно 1.29% за жена. Со ова решение се обезбедуваат поповолни проценти при пресметувањето на висината на пензијата со цел да се обезбеди висина на старосна пензија во соодветен износ поради остварувањето на правото на пензија пред 64 години за маж, односно 62 години за жена.

Во член 83 од наведениот закон е утврдено дека работник на Министерството за внатрешни работи кој има најмалку 25 години пензиски од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), може да оствари право на старосна пензија, ако работниот однос му престане по потреба на службата.

Со овие законски одредби се уредуваат поповолни услови за стекнување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на овластените службени лица во наведените институции. Имајќи ги во предвид специфичноста, значењето и интересот на должностите кои ги вршат работниците од овие институции, условот од 25 години пензиски стаж утврден со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се однесува на навршен пензиски стаж на работник во Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, казнено-поправна установа и воспитно поправен дом, односно 25 години пензиски стаж да е навршен во наведената институција односно установа.

Имено и оваа одредба предвидува различен третман во поглед на годините на возраст за маж, односно жена при остварување на правото на старосна пензија на овластените службени лица.

Согласно член 85 од Законот, работник во Министерството за правда, казнено - поправната установа и воспитно - поправен дом, кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во смисла на член 84 став (1) и (2) од овој закон и 55 години живот (маж), односно 50 години живот (жена), може да оствари право на старосна пензија, ако работниот однос му престане по потреба на службата.

Во член 86 се уредени посебните услови под кои работник на Министерството за внатрешни работи како и работник во Министерството за правда, казнено-поправна установа и воспитно - поправниот дом, кој иако во моментот на остварувањето на правото не е на

работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и 55 години (маж) и 50 години живот (жена), ако работниот однос му престане по потреба на службата може да оствари право на пензија.

Со член 87 од наведениот закон е уредено дека на работниците од член 82, 83, 84, 91-а и 91-б од овој закон старосната пензија им се утврдува од пензиската основа во проценти како збир од должината на пензискиот стаж навршен до 31 декември 2012 година и по 1 јануари 2013 година.

На осигурениците од овој член кои до 31 декември 2012 година имаат навршен пензиски стаж од 25 години, за секоја натамошна година им се утврдува процент од пензиската основа кој изнесува 1,08 (маж) и 1,29 (жена).

На осигурениците од овој член кои до 31 декември 2012 година немаат навршено пензиски стаж од 25 години, после овој датум им се определува процент кој до навршување на пензиски стаж од 25 години за секоја година изнесува 2,22% од пензиската основа за маж односно 2,35% од пензиската основа за жена. За секоја година пензиски стаж кој што е над 25 години се додаваат дополнителни 1,08% од пензиската основа за маж, односно 1,29% од пензиската основа за жена.

За осигурениците од овој член процентот за определување старосна пензија изнесува 2,48% за маж и 2,62% за жена за секоја година пензиски стаж до 31 декември 2012 година.

Со член 88 се уредува дека на работниците од членовите 82, 83, 84, 91-а и 91-б од овој закон за определување на инвалидска пензија според должината на пензискиот стаж се применуваат процентите од член 87 од овој закон со тоа што како најнизок процент до навршени 25 години пензиски се определува 62,0% од пензиската основа за маж, односно 65,6% од пензиската основа за жена.

Одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување од член 85 до член 88 се однесуваат на категоријата на работници во Министерството за правда и казнено поправни и воспитно поправни установи. Со овие законски одредби се уредуваат поповолни услови за стекнување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на овластените службени лица во наведените институции. Имајќи ги во предвид специфичноста, значењето и интересот на должностите кои ги вршат работниците од овие институции, условот од 25 години пензиски стаж утврден со член 85 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се однесува на навршен пензиски стаж на работник во Министерството за правда, казнено–поправна установа и воспитно поправен дом, односно 25 години пензиски стаж да е навршен во наведената институција односно установа. Имено и во овие одредби станува збор за различен третман во поглед на остварувањето на правот на старосна пензија за осигуреник маж, односно жена.

Согласно член 228 од Законот, старосната пензија за осигурениците од член 11, со исклучок на точка 9 и член 12 и 13 на овој закон кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и кои не избрале да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и имаат исполнет пензиски стаж најмалку 15 години се утврдува од пензиската основа зависно од должината на пензискиот стаж и изнесува:

| | процент | |
|---|---|---|
| Пензиски стаж | маж | жена |
| 15 години | 35 | 40 |
| 15 години и 6 месеци | 35,9 | 41,3 |
| 16 години | 36,8 | 42,6 |
| 16 години и 6 месеци | 37,7 | 43,9 |
| 17 години | 38,6 | 45,2 |
| 17 години и 6 месеци | 39,5 | 46,5 |
| 18 години | 40,4 | 47,8 |
| 18 години и 6 месеци | 41,3 | 49,1 |
| 19 години | 42,2 | 50,4 |
| 19 години и 6 месеци | 43,1 | 51,7 |
| 20 години | 44,0 | 53,0 |
| 20 години и 6 месеци | 44,9 | 53,9 |
| 21 година | 45,8 | 54,8 |
| 21 година и 6 месеци | 46,7 | 55,7 |
| 22 години | 47,6 | 56,6 |
| 22 години и 6 месеци | 48,5 | 57,5 |
| 23 години | 49,4 | 58,4 |
| 23 години и 6 месеци | 50,3 | 59,3 |
| 24 години | 51,2 | 60,2 |
| 24 години и 6 месеци | 52,1 | 61.1 |
| 25 години | 53,0 | 62,0 |
| 25 години и 6 месеци | 53,9 | 62,9 |
| 26 години | 54,8 | 63,8 |
| 26 години и 6 месеци | 55,7 | 64,7 |
| 27 години | 56,6 | 65,6 |
| 27 години и 6 месеци | 57,5 | 66,5 |
| 28 години | 58,4 | 67,4 |
| 28 години и 6 месеци | 59,3 | 68,3 |
| 29 години | 60,2 | 69,2 |
| 29 години и 6 месеци | 61,1 | 70,1 |
| 30 години | 62,0 | 71,0 |
| 30 години и 6 месеци | 62,9 | 71,9 |
| 31 година | 63,8 | 72,8 |
| 31 година и 6 месеци | 64,7 | 73,7 |
| 32 години | 65,6 | 74,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 години и 6 месеци | 66,5 | 75,5 |
| 33 години | 67,4 | 76,4 |
| 33 години и 6 месеци | 68,3 | 77,3 |
| 34 години | 69,2 | 78,2 |
| 34 години и 6 месеци | 70,1 | 79,1 |
| 35 години | 71,0 | 80,0 |
| 35 години и 6 месеци | 71,9 | |
| 36 години | 72,8 | |
| 36 години и 6 месеци | 73,7 | |
| 37 години | 74,6 | |
| 37 години и 6 месеци | 75,5 | |
| 38 години | 76,4 | |
| 38 години и 6 месеци | 77,3 | |
| 39 години | 78,2 | |
| 39 години и 6 месеци | 79,1 | |
| 40 години | 80,0 | |

За осигурениците кои не се членови во вториот пензиски столб за секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 јануари 2013 година до 31 декември 2018 година, пензијата се пресметува во висина од 1,61%, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,81% од пензиската основа.

За осигурениците кои биле опфатени во првиот пензиски столб до 1 септември 2001 година и кои не избрале да се вклучат во вториот пензиски столб и кои имаат исполнет пензиски стаж помалку од 15 години старосната пензија се утврдува од пензиската основа во проценти кои за секоја година исполнет пензиски стаж до 1 септември 2001 година изнесуваат 2,33% (маж), односно 2,60% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 1,165% (маж), односно 1,30% (жена) од пензиската основа.

За секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 септември 2001 година, а до 31 декември 2012 година, пензијата се пресметува во висина од 1,80% (маж), односно 2,05% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,90% (маж), односно 1,025% (жена) од пензиската основа.

За осигурениците од став (3) на овој член за секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 јануари 2013 година до 31 декември 2018 година, пензијата се пресметува во висина од 1,61% (маж), односно 1,84% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,81% (маж), односно 0,92% (жена) од пензиската основа.

За осигурениците од став (1) и (3) на овој член за секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, пензијата се пресметува во висина од 1,54%, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци пензијата се пресметува во висина од 0,77%. За пензиски стаж исполнет по 1 јануари

2020 година пензијата се пресметува во висина од 1,47%, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци пензијата се пресметува во висина од 0,735%.

Со овој член се уредени процентите во однос на висината на старосната пензија за осигурениците од член 11, со исклучок на точка 9 и членовите 12 и 13 на Законот за пензиското и инвалидското осигурување кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и кои не избрале да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и имаат исполнет пензиски стаж најмалку 15 години и тоа различно во зависност од полот, односно маж, односно жена.

Имајќи го во предвид изложеното се смета дека со член 228 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.98/12) не се нарушуваат темелните вредности уредени со Уставот на Република Северна Македонија, односно оваа одредба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста на посочената одредба од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Со член 237 од горенаведениот закон е уредено дека по смртта на корисникот на минимална старосна пензија од член 236 на овој закон, неговиот брачен другар може да се стекне со право на семејна пензија, ако по смртта на корисникот брачниот другар наполнил 65 години живот (маж), односно 60 години живот (жена), а борец во НОВ до 9 септември 1944 година - 60 години живот (маж), односно 55 години живот (жена).

Семејната пензија од овој член се определува во ист износ како и минималната старосна пензија. Со овој член, исто така се утврдени различни услови за стекнување на право на старосна пензија за маж, односно жена.

Според член 8 став 1 алинеја 1 и 3 од Уставот, покрај другите темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Во член 9 од Уставот е утврдено дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба, а според став 2 на овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно АМАНДМАН XXI со кој се заменува член 15 на Уставот, правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Според член 34 од Уставот граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а според член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална правичност.

Со член 42 став 1 од Уставот е утврдено дека Републиката посебно го заштитува мајчинството, а според став 3 од овој член на Уставот мајките имаат право на посебна заштита при работа.

Согласно член 50 став 1 и 2 од Уставот, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Според член 54 став 1 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 54 став 3 од Уставот ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло, имот или општествена положба.

Според член 51 од Уставот во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според тоа посебната општествена заштита на мајката и мајчинството, хуманата популациона политика од аспект на жената односно кон семејството и детето и посебните права и обврски што од тоа произлегуваат е израз на интересот и грижата на општествената заедница за жената со оглед на нејзините био-психолошки својства.

Во таа смисла заштитата на жената и забраната на сите облици на дискриминација е посебен интерес и на меѓународните правни акти. Така, според член 25 од Универзалната декларација за правата на човекот, мајките и децата имаат право на посебна нега и заштита.

Според член 4 став 2 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената (донесена од Генералното собрание на ООН во 1979 година, која е во сила од 3 септември 1981 година) усвојувањето на посебни мерки од страна на државите членки, вклучувајќи ги и мерките содржани во оваа конвенција, чија цел е заштита на мајчинството не се сметаат за дискриминаторски. Според член 11 точка 1 од Конвенцијата, елиминирањето на дискриминацијата на жената, покрај другото, содржи и утврдување на право на здравствена заштита и заштита на работа, право на социјална заштита, меѓу другото, особено во случај на заминување во пензија.

Прашањата за различни услови за стекнување на правото на старосна пензија помеѓу мажите и жените, што произлегуваат од нивната возраст, веќе било предмет на оцена пред Уставниот суд на Република Македонија кој со Решение У.бр.107/09 од 29 септември 2004 година не повел постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03 и 50/04). Истата одредба повторно била оспорена неколку пати, при иницијативите за оценување на уставност биле отфрлани со решение на Уставниот суд на Република Македонија како res judicata (решенија У.бр.224/04 од 25 април 2005 година, У.бр.231/05 од 1 февруари 2006 година, У.бр.179/05 од 16 октомври 2005 година, У.бр.161/05 од 9 ноември 2005 година, У.бр.89/07 од 4 јули 2007, У.бр.152/09 од 12 октомври 2009 година).

Во наведените решенија, Уставниот суд изразил став дека разликата во полот, како фактичка разлика, не мора секогаш правно да се апстрахира за да се постигне посакуваната еднаквост пред Законот. Имено, ако разликата во полот има реални импликации врз положбата на луѓето во социјалната сфера, тогаш нејзиното уважување може, напротив да го зајакне принципот на правна еднаквост кој подразбира еднакво постапување со еднакви, а нееднакво со нееднакви. Оттука социјалната положба и улогата на жената во одредени случаи може да биде релевантна за поинаква положба во поглед на остварување на определени права и обврски како што се на пример во сферата на одбраната, заштитата на мајчинството итн. Врз основа на изнесеното, судот оценил дека во конкретниот случај разликите во правата што произлегуваат од тоа дали осигуреникот е маж или жена не го нарушуваат принципот на еднаквост на граѓаните, ниту содржат дискриминаторски однос кон осигурениците од машки пол туку всушност преставуваат праведно решение поради понеповолната положба на жената во однос на мажот кое произлегува од нејзината посебна положба во остварување на улогата на мајчинство. Во таа насока, наведените членови од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не содржат одредби со кои се нарушува правото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби 34, 35, 52, 77, 78, 83, 85, 86, 87, 88, 228 и 237 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19), се во согласност со член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 34, 35, 52, 77, 78, 83, 85, 86, 87, 88, 228 и 237 од наведениот закон.

## Точка 40

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за

Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/2019) за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 86 став (2), алинеја 3 во делот„...односно непреземањето на дејствие.." како и алинеја 4 од истиот став, во делот „...односно непреземеното дејствие.." од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната Иницијатива, наведува дека член 86 став (2) алинеја 3 во делот „...односно непреземањето на дејствие...", како и на алинеја 4 од истиот став во делот „...односно непреземеното дејствие..." од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 50 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека за преземањето на извршните дејствија во член 40 од Законот за извршување не се предвидени било какви процесни рокови, во кои истите може да се преземат, така што не ретко се случувало да настане ситуација кога извршителот не преземал никакво извршно дејствие, а кое согласно член 40 од Законот за извршување бил обврзан да го спроведе или пак молчи и не постапува по примената барање за извршување.

Подносителот наведува дека единствен процесен механизам за заштита кој и стои на располагање на странката или на учесникот во постапката е правото на приговор регулиран во член 86 од Законот за извршување, насловен како приговор за незаконитости при извршувањето, а проблемот бил во тоа што не било јасно утврден моментот од кога би започнал да се засметува рок од три дена по денот на осознавање за преземеното, односно непреземањето на дејствие, но не подоцна од три месеци од денот на преземеното, односно непреземеното дејствие, во ситуација кога Законот за извршување никаде не содржел процесни рокови за преземање на определени извршни дејствија, регулирано во членот 40 став 1 од Законот за извршување.

Имајќи ги предвид наводите на подносителот изнесени во Иницијативата, а од друга страна одредбите на Законот за извршување во целина, а во врска со оспорената одредба на член 86 став (2) алинеја 3, како неспорно се наметнува дека во целост се неосновани наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорените одредби од член 86 став (2) алинеја 3 во делот „...односно непреземањето на дејствие...", како и на алинеја 4 од истиот став во делот „...односно непреземеното дејствие..." од Законот за извршување се спротивни на член 8 став 1 алинеја 3, член 50 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, член 86 од Законот за извршување, ја уредува постапката на заштита на правата на странките во извршувањето, при што ставот (2) предвидува дека „приговорот образложен, аргументиран и поткрепен со соодветни докази во доволен број на примероци, се поднесува во рок од три дена по денот на осознавање на незаконитоста односно непреземањето на дејствие, но не подоцна од три месеци по преземеното, односно непреземеното дејствие. Приговор во никаков случај не може да се поднесе по истекот на 15 дена сметано од денот на донесувањето на заклучокот за намирување.". Притоа членот 86 став (2) од Законот за извршување не содржи никакви алинеи на кои се повикува подносителот на Иницијативата.

Во оваа прилика се истакнува дека не се точни наводите на подносителот на Иницијативата дека извршните дејствија наведени во член 40 од Законот за извршување, не содржат процесни рокови за преземање на определените извршни дејствија.

Имено, членот 6 од Законот за извршување, како една од основните одредби на Законот предвидува дека „Извршителот при спроведување на извршувањето е должен да постапува веднаш и предметите да ги земе во работа по редот како што ги примил, освен ако природата на побарувањето или посебните околности бараат да се постапи поинаку за што е должен да состави службена белешка.".

Притоа, според членот 24 од Законот за извршување со кој се уредуваат средствата за извршување, извршување заради остварување на парично побарување може да се изврши само со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартии од вредност и удели во трговски друштва, пренос на парично побарување, претворање во пари на други имотни права и пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно со прописите за платен промет.

Од горенаведеното, во член 40 од Законот за извршување се пропишани само извршните дејствија кои ги презема извршителот, а во процесниот дел односно во раздел 2 од Законот за извршување е пропишана постапката по која се спроведува извршувањето со конкретно средство за извршување на парично побарување и роковите во кои постапуваат извршителите и во кои ги спроведуваат извршните дејствија од член 40 од Законот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените одредби од член 86 став (2) алинеја 3 во делот „...односно непреземањето на дејствие...", како и на алинеја 4 од истиот став во делот „...односно непреземеното дејствие..." од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), не постојат во Законот, а членот 86 од Законот е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и член 50 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 86 став (2) алинеја 3 во делот „...односно непреземањето на дејствие...", како и на алинеја 4 од истиот став во делот „...односно непреземеното дејствие..." од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018).

## Точка 42

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/2019) за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 43

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно" и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по Иницијативата.

## Точка 44

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Ванчо Велинов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поради потребата Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство да подготви заедничко мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 49027 за КО Бардовци на КП бр. 882 дел 3 викано место/улица „Рупа" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12403 за КО Нерези на КП бр.1028 дел 3 викано место/улица Песок и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6491 за КО Јурумлери на КП бр. 385/1 викано место/улица Дунек и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 48

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.687, Имотен лист бр.688 и Имотен лист бр.84946 сите за КО Ѓорче Петров на КП бр.2413/1, КП бр.2413/2 и КП 2413/3 викано место/улица А.Мицков, доставена од нотар Мери Весова од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 49

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66260 за КО Волково на КП бр.1697/1 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 50

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5234 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.12987 викано место/улица Р.Батино бр.15А и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 51

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100071 за КО Бутел на КП бр.2755 и Имотен лист бр.1883 за КО Бутел на КП бр.2755, викано место/улица ул.Рудо бр.41 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 52

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Мирче Ристески од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1658 за КО Коњско на КП бр.2435/4 викано место/улица Св. Стефан, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави Мислење по Понудата

## Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67187 за КО Маџари на КП бр.1108 викано место ул. 852 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата го именува Орхан Рамадани, досегашен вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

## Точка 55

**1.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со монографијата за историската посета на папата Франциск на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја спроведе јавната набавка за печатење на монографијата за историската посета на папата Франциск на Република Северна Македонија во тираж над 1000 примероци.

**2.** Владата по Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање и соработка за усогласување на примената на методите за мирно решавање на работните спорови заклучи Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика да го потпише Меморандумот.

**3.** Владата по Барањето од Министерството за труд и социјална политика за изменување на Заклучокот број 1, од Точка 75, од Нацрт - записникот од 150-та седница на Владата, одржана на 20 август 2019 година, заклучи да го измени Заклучокот број 1, односно Министерството за труд и социјална политика до Владата да достави информација за преземените активности за подготовка на Проектот за социјално осигурување и пензиска администрација (СИПА Проект), вклучително и потребните законски измени, до 15 октомври 2019 година, наместо до 30 септември 2019 година.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 30 септември 2019 година до 6 октомври 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за

управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври" -Ден на народното востание ја разгледа агендата на активности и предлози и ги донесе следните заклучоци:

1) Владата да ја преземе организацијата на владината делегација-активност на 11.10.2019 година, од 9 до 10 часот, односно едночасовен настан со положување цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел.

Владината делегација да биде во состав:

- д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- д-р Нина Ангеловска, министер за финансии,
- Дамјан Манчевски, министер информатичко општество и администрација и
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

2) Се препорачува на Општина Прилеп да организира положување на свежо цвеќе во Прилеп на споменикот на Методија Андонов-Ченто, споменикот на Кузман Јосифовски-Питу и Могилата на непобедените (вклучувајќи и уредување на просторот и споменициte на кои се положува цвеќе).

Владината делегација да биде во состав:

- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и
- Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

3) Се препорачува на Општина Куманово да организира положување свежо цвеќе на Спомен - Костурницата во Куманово (вклучувајќи и уредување на просторот и споменициte на кои се положува цвеќе).

Владината делегација да биде во состав:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи,
- Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата да ја преземе комуникацијата со општините за организацијата на централната активност на празникот (вклучувајќи детална

агенда, координација помеѓу сите вклучени страни, информирање на јавноста, комуникација и координаиција на медиумите, промоција на настанот и слично).

5) Се задолжува Одделението за протокол да изработи и испрати покани до државниот врв и дипломатскиот кор за настаните во Скопје, Прилеп и Куманово како и да ги прифати потврдите врз основа на кои ќе обезбеди пресеанс листа на гости, како и да го организира положувањето на цвеќе на сите четири локации вклучувајќи ја и опремата за положување цвеќе, венците, гардистите, знамињата и црвените теписи.

6) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбедат логистичка поддршка и потребни финансиски средства кои произлегуваат од планот за организација на активностите за државниот празник - „11 Октомври“ -Ден на народното востание.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го организира превозот на работните материјали и тимовите за протокол и односи со јавност на сите предвидени локации за празникот, да се координира со Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија околу обезбедување на опрема за положување цвеќе, а воедно и да обезбеди доволен број на венци за положување на сите локации според спецификација обезбедена од одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Министерството за култура да го информира одборот и јавноста за планираното свечено доделување награди во Собранието на Република Северна Македонија.

9) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно прославување на планираната свеченост на 11.10.2019 година.

10) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да го обезбеди воениот оркестар за прославата во Куманово, гардисти и опрема за положување свежо цвеќе за сите останати локации за одбележување на празникот.

11) Се задолжува Националната радио-телевизија на Република Северна Македонија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот „11 Октомври“ -Ден на народното востание, во Куманово врз основа на сценарио обезбедено од Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија.

12) Се укажува на Акционерското друштво за погребни и придружни активности „Бутел“ да го исчисти просторот кај Алејата на великаните на градските гробишта Бутел, каде свечено ќе се положува цвеќе.

## Точка 56

Владата ги разгледа Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерството за информатичко општество и администрација за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631), сметки на буџет од донации (785-28) и (785-22) и Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за сметка на буџет од донации (785-13), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го усвои Мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 57

Владата ги разгледа конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово, Сметка за средства од фондот (737) и Сметка за средства од Програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност за 2018 година во Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 58

Владата ги разгледа Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје за период од 1 јануари 2019 година до 30 јуни 2019 година и Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје за период од 1 април 2019 година до 30 јуни 2019 година, со дополнувањето кон нив, како материјали за информирање.

## Точка 59

Владата го разгледа Извештајот за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.1 до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1. до 30.6.2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во рамки на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца 0-14 години, за периодот 2018 - 2028 година, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Годишниот извештај за развојот на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, го утврди како Предлог-закон за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка и заклучи, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата во врска со организирање на наградната игра „Мој ДДВ моја награда", со Предлог-одлука и Предлог-договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за приредување на наградната игра „Мој ДДВ - моја награда", со заклучок Министерството за финансии да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

2. Се препорачува Државната лотарија на Република Северна Македонија под покровителство на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ја организира и спроведе наградната игра „Мој ДДВ - моја награда", започнувајќи од 25.11.2019 година до 25.11.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година да обезбеди средствата во вкупен износ од 42.000.000 денари за реализација на наградната игра „Мој ДДВ - моја награда", од кои: за наградите што ќе се доделуваат во наградната игра „Мој ДДВ - моја награда" износ од 31.000.000, за плаќање на надоместокот од 18% од вкупната вредност на наградниот фонд износ од 5.580.000 денари, 4.420.000 денари за данокот за личен доход за добитниците на наградите и 1.000.000 денари за медиумската покриеност за реализација на наградната игра.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи и се препорачува на Државната лотарија на Република Северна Македонија да склучат договор за организирање на наградната игра „Мој ДДВ - моја награда".

## Точка 67

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа поради потребата од дополнителни усогласувања и конкретни предлози, како и потребата мислење по материјалот да достави Министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од потпишување на Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и органите на Република Северна Македонија, со Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Аранжманот за спроведување на Заедничкиот акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и органите на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи да го потпише Аранжманот за спроведување на Заедничкиот акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и органите на Република Северна Македонија.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за настанот „Охридскиот дијалог: Искористување на можности и креирање на идни партнери во Западниот Балкан" организиран од страна на Атлантскиот Совет (Atlantic Council) и Охридската група со поддршка на Владата на Република Северна Македонија во Охрид, Република Северна Македонија од 24 до 26 октомври 2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи да се координираат со Атлантскиот Совет и Охридската група за организација на настанот.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги покрие трошоците за хотелско сместување за гостите од Атлантскиот совет и Охридската група.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди транспорт од Скопје до Охрид и назад, вклучително и од аеродромот во Скопје до Охрид и обратно, за сите учесници на настанот.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди повратни авионски билети за учесниците од Лондон.

5. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, министерот за надворешни работи, министерот за финансии, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација и министерот за труд и социјална политика да земат учество на настанот согласно Агендата во прилог.

## Точка 70

Владата по Предлог-одлуката за формирање на работна група за обезбедување на финансиски средства за нов инвестиционен циклус во рамките на РЕК Битола заклучи:

1. Основот за донесување на Одлуката да се коригира, односно истата да ја донесе претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Членот 3, членот 4 и членот 5 да се припојат кон членот 2, како една целина, со што:
- Претседател на Работната група да биде д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, а Александар Обрадовиќ, специјален советник во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да биде член на истата.
- Секретар на Работната група да биде лице вработено во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

3. Во членот 6, по ново член 3, да стои дека на состаноците на Работната група може да присуствуваат административни службеници како и други стручни лица во врска со прашањата кои се разгледуваат на Работната група.

4. Во членот 7, по ново член 4, да се избришат точка 2 и точка 4.

Согласно овие заклучоци се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја преработи Предлог-одлуката во соработка со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за покачување на платите во основното, средното, високото образование и во наука во Република Северна Македонија за 10% почнувајќи од исплата на платата за април 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Светскиот ден на Ромскиот јазик, како материјал за информирање.

*
*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТАНА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**